Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 27.04.2023 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За плански документ за измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27, дел од населба „Автокоманда", Општина Штип-нацрт план кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на Штип, (одлука бр.08-7987/1 од 31.12.2022г) и Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година со бр.08-1080/1 од 08.02.2023 година, програмска задача финансирана од страна на заинтерисиран инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ за измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27, дел од населба „Автокоманда", Општина Штип-нацрт план, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живот и работа. Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класите како и класи кои се компатибилни на основните класи: А, Б, Д и Е. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, со намени предвидени во ГУП и ДУП, во границите на градежниот опфат, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планирање на површини со конкретни просторни сообраќајни и инфраструктурни решенија. Поради ова целта на изработка на ДУП-от е формирање и дефинирање на градежни парцели, добивање на максимална површина за градба согласно законите. Врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно ГУП за град Штип, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18-118/7
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов